# Општина Карпош
# Н е д е л е н
# Е-Билтен

Изготвува: Одделение за односи со јавност

# Стартуваше „Сезоната на зелките“



И оваа година Општина Карпош на Бардовчани им излезе во пресрет. Од почетокот на овој месец, кога почна „сезоната на зелката“ поставени се околу 45 тезги на кои селаните од Бардовци кои традиционално ја продаваат прочуената бардовска зелка, можат тоа да го прават по организирано и по хигиенски.

Инаку тезгите им ги обезбеди општината и им ги даде на времено користење без надоместок.








Општина Карпош
ул.Демир Трајко б.б
www.karpos.gov.mk
gradonacalnik@karpos.gov.mk

# СОВЕТНИЦИТЕ НА КАРПОШ ДАДОА ВИЗА ЗА ДУП „ИЛИНДЕН“



Со 22 гласа „за“ и ниту еден „против“, советниците од Советот на Општина Карпош од сите советнички групи дадоа „виза“ за деталниот урбанистички план за касарна „Илинден“. ДУП „Илинден“ кои 18 месеци наназад предизвикуваше тензии меѓу советниците и воопшто во Општина Карпош, конечно ја доби потребната согласност од Министерството за транспорт и врски. Согласноста во Општината стигна 15 минути пред почетокот на 43-та седницата на Советот на Општина Карпош, за веднаш потоа Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, да даде предлог, оваа точка како дополнителна да се стави на дневниот ред. По усвојувањето на другите точки, планот за „Илинден“ беше едногласно прифатен и стапува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“. Според образложението што интервентно го даде претставникот на Агенцијата за планирање на просторот, која е носител на изработката на планот, ДУП „Илинден“ опфаќа 94,7 хектари претежно на територијата на општина Карпош. Планот е поделен на седум блокови, а во него се предвиден градби за повеќе намени: индивидуално домување, колективни, семејни и станбени објекти, деловни градби, дипломатски претставништва, како и објекти со намена за образование и здравство.

Општина Карпош
ул.Демир Трајко б.б
www.karpos.gov.mk
gradonacalnik@karpos.gov.mk

# Карпош го прослави ослободувањето на Скопје

*Со свечена академија, пригодно сеќавање на ослободителните борби и рецитал и песни од децата од ООУ„Домо Хаџи Димов“ и ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“, Општина Карпош достоинствено го одбележа 13 Ноември -Денот на ослободувањето на Скопје. Од страна на борците спомени на завршната битка за ослободување на нашиот главен град, евоцираше Кирил Никовски Претседателот на општинската боречка организација, кој врачи пофалници и членски книшки на новите поддржувачи на делото на Народно ослободителната борба. Од името на Општина Карпош, присутните гости, борците, членовите на Советот на Општината, претставници од Организацијата на жените на СДСМ, ги поздрави секретарот на општината Владо Поповски, кој изрази чест и задоволство што се наоѓа меѓу луѓето кои се дел од историјата на Македонија и која неа ја одбележаа со своето дело. Општина Карпош, беше речено во оваа пригода, е посветен почитувач и одбележувач на значајните настани и битки за самостојност на нашата држава. Таа тоа го прави во еден историски континуитет, без маргинализација на одредени периоди и со целосна почит на делото и жртвите кои ги положија своите животи за слободата на татковината. Нашата слобода и демократија која денес ја уживаме не е ниту случајност ниту еден фрагмент во историјата, туку резултат на долготрајни битки низ историјата и многу положени животи на македонски херои. Потоа учениците од ООУ„Димо Хаџи Димов“ одржаа прекрасни рецитали посветени на вековната битка за опстојување на Македонија,а првооделенците од „Христијан Тодоровски Карпош“ отпеаја песничка за својот град.*

*Освен општинската прослава на денот на ослободувањето на Скопје, тричлена делегација од Советот на Општина Карпош предводена од претседателот Трифун Трифуновски 10 часот положија букет свежо цвеќе пред партизанските гробишта во Бутел.*

**Општина Карпош**
**ул.Демир Трајко б.б**
**www.karpos.gov.mk**
**gradonacalnik@karpos.gov.mk**











**Општина Карпош**
**ул.Демир Трајко б.б**
**www.karpos.gov.mk**
**gradonacalnik@karpos.gov.mk**